**20160551454**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2016 година.

Бр. 08-1738/1
16 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 67/92, 8/2004, 98/2008 и 158/11), во член 7 по ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7, кои гласат:

„Овластеното службеното лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член по службена должност да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот 1 точките 1), 2), 6), 7) и 8) на овој член.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 6 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето.“.

Член 2

Во член 7-в по ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5, кои гласат:

„Гаранцијата од ставот 1 на овој член ја издава Министерството за внатрешни работи.

Странецот има право да поднесе приговор против гаранцијата од ставот 1 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавање на гаранцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на гаранцијата.

По приговорот од ставот 4 на овој член одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.“.

Член 3

Во член 17 по ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат:

„Овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи кое ја води постапката е должно во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член по службена должност да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот 1 точките 1), 2), 3), 4) и 5) на овој член.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 5 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето.“.

Член 4

Во членот 21 став 2 зборовите: „министерот“ се заменува со зборот „Министерството“.

Член 5

Во членот 22 став 2 запирката по зборот „работи“ се заменува со точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5, кои гласат:

„Евиденциите од ставот 1 на овој член ги содржат следниве податоци и тоа:

-реден број,
-презиме,
-име на еден од родителите и име,
-место и датум на раѓање,
-единствен матичен број,
-адреса и место на живеење,
-основ и датум на запишување во регистар,
-основ и датум на бришење од евиденција и
-забелешка.

Евиденцијата од ставот 2 на овој член ги содржи следниве податоци и тоа:

-реден број,
-име, презиме и име на еден од родителите,
-датум и место на раѓање,
-живеалиште,
-националност,
-пол,
-возрасна група,
-поранешно државјанство, односно државјанство со кое се стекнува и
-назив, број и датум на решението и датум на врачување на решението и
-забелешка.

Евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член се водат според пропишани стандарди и согласно со Законот за општата управна постапка.“.

Член 6

Во член 23 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Државјанинот на Република Македонија има право да поднесе приговор против уверението од ставот 2 на овој член до организациската единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е издавање на уверението во рок од 15 дена од денот на приемот на уверението.

По приговорот од ставот 3 на овој член одлучува раководителот на непосредно повисоката организациска единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е да одлучува по приговорот во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.“.

Член 7

По членот 25 се додава нова Глава IV-а и два нови члена 25-а и 25-б, кои гласат:

„IV-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 25-а

„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството за внатрешни работи ако не ги побара доказите и податоците по службена должност во рокот утврден во членовите 7 став 6 и 17 став 5 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рокот утврден во членовите 7 став 7 и 17 став 6 од овој закон.

Член 25-б

За прекршоците утврдени во членот 25-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 8

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).